Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 74

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ ВО ЦАРИНА И ШПЕДИЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2602-66/4 од 18 април 2011 година, донесена на 50. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 18 април 2011 година, определена е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област ***менаџмент во царина и шпедиција на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип***.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“, на 4 април 2011 година, и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Драшко Атанасоски.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 6, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатот, има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Драшко Атанасоски** е роден на 12 март 1971 година во Тетово. Основно образование завршува во Тетово, со континуиран одличен успех. Средно економско училиште завршува во Гостивар, исто така, со континуиран одличен успех.

Дипломира во април 2002 година на ФТОН во Охрид, под менторство на проф. д-р Лилјана Пранговска - декан на Факултетот и се стекнува со звање дипломиран **менаџер по царина и шпедиција**.

Во учебната 2002/2003 година се запишува на постдипломските студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Меѓународен промет, под раководство на проф. д-р Владимир Петковски. Во мај 2008 година ја одбранува магистерската теза со наслов „*Хармонизација на царинскиот систем на Република Македонија со европските стандарди*” под менторство на проф. д-р Александар Николовски и се стекнува со академски степен **магистер по економски науки од областа на надворешниот промет**.

Во 2011 година, на Факултетот за туризам и угостителство при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола ја одбранува докторската дисертација на тема „*Влијанието на регулативата за малограничниот промет врз туризмот во Република Македонија*” под менторство на проф. д-р Миладин Крстановски, при што се стекнува со научен степен **доктор по царинско и шпедитерско работење**.

Во септември 2007 година пред Комитетот за имплементација на испитите за авторизиран стечаен управник при Министерство за економија на Република Македонија по посетената обука за стечајна постапка го положува испитот и се стекнува со уверение за овластен стечаен управник и со право на лиценца за вршење на работи на стечаен управник, овластен од страна на министерката за економија Вера Рафајловска.

Кандидатот своето богато работно искуство го стекнува во рамките на Царинската управа и на паралелни ангажмани на проекти надвор од неа.

Кандидатот д-р Драшко Атанасоски има 15-годишно работно искуство, од кои 12 години работно искуство во Царинската управа, и тоа: 2010 - 2011 г., виш царински службеник на Царински терминал Скопје; 2009 - 2010 г., виш царински службеник на Царински граничен премин Меѓитлија.

Кандидатот бил началник на Одделението за наплата, буџет, гаранции и анализа при Царинската управа на Р. Македонија: 2007 – 2009 г., началник на Одделение за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи. Ова Одделение е при Секторот за наплата на приходи, финансиски материјали и законските односи за сопственост во рамките на Царинската управа на Република Македонија.

***Опис на работните задачи:***

– Стандардизиран персонал со специјални задачи и авторизации, во согласност со посебните услови за спроведување на работните задачи предвидени со Книгата за регулативи за систематизација на работните места во царинската администрација, за спроведување на работните задачи;
– Реализација на работни задачи преку Одделението за исплата на приходи изработени со царински процедури определени со законот, проценување на ризикот и преземање на мерки за превенција од корупција во организационите единици;
– Обезбедување на правилна имплементација на регулативите коишто се однесуваат на исплатата на приходи, враќање на данокот за царинење, дополнителни исплаќања, употреба на гаранциите и депозитите;
– Дефинирање на царинските врски со обврзници, водење сметка за правилна дистрибуција на фондовите од приходите на царинските обврзници;
– Работа со подготвување на анализи за топ менаџментот, подготовка на информации за работата на Одделението;
– Соработка со секторите и царинските оддели за преземање мерки за навремено плаќање на приходи, извршување на други зададени задолженија.

Кандидатот бил шеф на Граничен премин – Јажинце: 2002 г. - 2007 г., шест години искуство како раководител на царински граничен премин. Граничен премин Јажинце во рамките на Царинарница - Скопје при Царинската управа на Република Македонија.

***Опис на работните задачи:***

– Секојдневни задолженија и одговорности на менаџмент со персоналот, нивно организирање и контрола;
– Примање на документи за влез и излез на добра и патници, нивно процесирање и регистрирање во база на податоци;
– Мониторинг и почитување на сите законски регулативи во областа на царински постапки за поефикасно и навремено исполнување на обврските;
– Подготовка на дневни, месечни и годишни извештаи за тековната работа и нивно доставување до администрацијата и Управата;
– примање и евалуирање на вработените во царинскиот граничен премин;
– соработка со НАТО, КБР, КФОР, УНМИК и ОБСЕ конвои за тековното работење.

Во јануари 2002 г., кандидатот работи како виш царински службеник на Царински терминал – Тетово, во рамките на Царинарница Скопје, Царинска управа на Република Македонија. *Дневни задолженија:* внесување на податоци во базата на податоци во Царинската управа, преглед на документи и добра предмет на царинска постапка (пр. податоци за контрола на добра).

Во мај 1999 г., кандидатот работи како царински службеник, соработник на Царински терминал – Тетово, во рамките на Царинарница Скопје, Царинска управа на Република Македонија.*Дневни задолженија*: контролата на добра коишто се предмет на увоз-извоз во Република Македонија и тестирање во согласност со приложените декларации.

*Други ангажмани:* ангажман како овластен стечаен управник; 2004 г. - основање и менаџирање со преставништво на мултинационалната компанија HUBER Tehnology – Германија во Македонија.

Канидатот одлично го говори англискиот јазик, а има и основни познавања од албанскиот јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 2003/2004 г., кандидатот д-р Драшко Атанасоски работи како надворешен асиситент на Универзитетот ФОН во Скопје. *Предавања на тема:* „Принципите на економијата", два семестра, со по 2 часа неделно.

Добиените теоретски сознанија ги применува во научноистражувачка дејност, при што е автор на објавени научни и стручни трудови.

Поширокиот интерес на кандидатот е од областа на современите тенденции во светската економија и меѓународните економски односи, додека потесниот научен интерес ги покрива областите на **правото во меѓународната трговија и царинскиот систем и царинското работење во рамките на Република Македонија**.

Во текот на својата професионална работна кариера, д-р Драшко Атанасоски има покажано завиден интерес за научна и стручна работа, како и негова активна партиципација во реализација на повеќе семинари, курсеви, симпозиуми, стручни трибини, предавања и сл., а за што добива соодветни признанија, награди и сертификати.

***Учество на симпозиуми, конференции и семинари***

- Учесник во повеќе едномесечни стручни курсеви и обуки за практично и теоретско надградување на царинските службеници. Организирани од страна на Царинската администрација на Република Македонија.
- Семинар за стечајна постапка со стекнување на дозвола за стечаен управник.
- (Комитет за имплементација на испитите за авторизиран стечаен управник, Министерство за економија, Република Македонија).
- Семинар за практично вградување на ДДВ. Организирани од страна на Царинската администрација на Република Македонија
- Семинар за практично спроведување на Законот за царина во различни домени. Организиран од страна на Царинската администрација на Република Македонија.

***Научни и стручни трудови***

*Изработени и презентирани на ФТОН - Охрид,*
*Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола*

1. „Влијанието на малограничниот промет врз туризмот во Република Македонија"
*Изработени и презентирани на Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје*
2. „Хармонизација на царинскиот систем во Република Македонија со европските стандарди", ноември 2006 г.
3. „Спроведување на регулативата на двосопственоста во Република Македонија", јуни 2006 г.
4. „Светската трговска организација со посебен осврт за Република Македонија, пред и по вклучувањето во СТО", мај 2006 г.
5. „Македонија во Светската трговска организација", мај 2006 г.
6. „Меѓународните економски интеграции со посебен осврт за Република Македонија", март 2006 г.
7. „Стратегија за извозот на Република Македонија и интеграцијата во Европската унија", ноември 2005 г.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Драшко Атанасоски ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да биде избран за наставник на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот има соодветно образование, бројни признанија и се афирмирал преку објавени научни и стручни трудови од областа на царината и шпедицијата.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да го избере д-р Драшко Атанасоски за доцент по наставно-научната област менаџмент во царина и шпедиција на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ристо Фотов – вонреден професор, с.р.**
**Д-р Круме Николовски – доцент, с.р.**
**Д-р Нако Ташков – доцент на, с.р.**

## ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Драшко Атанасоски, доктор по царина и шпедиција, според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| Наставно - образовна дејност | | | | |
| 1. | Интерна скрипта од предавања | 4 | | 4 |
| 2. | Интерна скрипта од вежби | 2 | | 2 |
| 3. | Научно-популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 2*0,5 | | 1 |
| 4. | Раководител на семинар | 3*2 | | 6 |
| 5 | Предавања | 15*1,5<br>1*1,5 | | 22,5<br>1,5 |
| 6. | Вежби | 15*0,2<br>1*1 | | 3<br>4 |
| | Вкупно: | **44** | | |
| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
| | | во земјава | во странство | |
| Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | | | | |
| 1. | Труд во стручно списание | 7*1 | | 7 |
| 2. | Награди и признанија | 5*1 | | 5 |
| 3. | Одбранета докторска теза | 8 | | 8 |
| 4. | Одбранета магистерска работа | 4 | | 4 |
| | Вкупно: | **24** | | |
| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
| | | во земјава | во странство | |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | | | | |
| 1. | Стручни награди и признанија | 1*5 | | 5 |
| 2. | Шеф на инститиутски орган | 1*4 | | 4 |
| 3. | Член на институтски орган, комисија | 1*2 | | 2 |
| | | | | |
| | Вкупно: | **11** | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно: | **79** |